**Државен Студентски дом ,,Кочо Рацин,,**

**Br. 02-______**

**__________2023 г.**

**Битола**

**Врз основа на член 30 став 1 алинеа 9, и член 31 од Статутот на државниот студентски дом ,,Кочо Рацин,, Битола, како и член 35 став 1 алинеа 9 од Законот за студентски стандард ,Управниот одбор на Домот, на седницата одржана на ден 19.06.2023 година, ја донесе следната**

**О Д Л У К А**

За утврдување на цени за сместување и исхрана на студентите во студиската 2023/2024

1. Просечната месечна економска цена за сместување и исхрана на студентите во Студентскиот дом ,,Кочо Рацин,, Битола за учебната 2023/2024 година изнесува 6.855,- денари.

2. Просечната месечна цена што ја плаќа студентот за сместување и исхрана, утврдена од Министерството за образование и наука, за Студентскиот дом ,,Кочо Рацин,, Битола изнесува 3.445,- ден. Од оваа цена, категоризирано по соби, изведени се посебните цени наведени во точка 3 од оваа Одлука.

3. Категоризирано по соби се утврдуваат следните месечни цени за сместување и исхрана што ги плаќаат студентите во учебната 2023/2024 година:

- Еднокреветна соба 3.950,- ден.
- Двокреветна соба 3.750,- ден.
- Трокреветна соба 3.650,- ден.
- Четиририкреветна соба 3.450,- ден.
- Петкреветна соба 3.250,- ден.

Со уплатата на месечниот надоместок, студентот добива вредносни бонови од 3.990 апоени.

4. Студентите кои не се сместени во Домот по конкурс, бидејќи Министерството за образование и

наука не финансира за нив, плаќаат економска цена од точка 1 од оваа Одлука, односно 7.360,оо ден.

5. При вселувањето студентот плаќа надоместок во износ од 900,- ден. кој го сочинуваат: административни трошоци и трошоци за културно забавни и спортски активности на студентите.

6. За направена штета во објектите студентот плаќа надоместок за конкретно направената штета, врз основа на направена пресметка и решение .

7. Оваа Одлука стапува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе се применува за учебната 2023/2024 година, односно од 01.09.2023 година.

8. Оваа Одлука да се достави до Министерство за образование и наука за нејзина Согласност.

**УПРАВЕН ОДБОР**

**П р е т с е д а т е л,**

_________________

**Александар Дракуловски**